РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
ЦЕНТАР ЗА КУЛТУРА - БИТОЛА
БР 04-236/1
26.03.2026 год.
Битола

Врз основа на член 77 и член 77-з став (1) од Законот за културата („Службен весник на РМ" бр. 66/03, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18), член 12 став (2) алинеја 7 од Статутот на НУ Центар за култура – Битола бр.01-225/2 од 09.04.2015 година, бр.02-47/3 од 29.01.2018 година, бр.02-177/3 од 14.03.2019 година и Одлука за изменување и дополнување на Статутот на НУ Центар за култура – Битола бр.02-315/3 од 11.06.2025 година, Годишниот план за вработување за 2026 година бр. 01-470/1 од 26.08.2025 година, и Согласност од Министерството за финансии бр. 19-13405/2 од 31.12.2025 година како и Предлогот кандидат за вработување бр. 04-220/1 од 19.03.2026 година по Јавен оглас бр. 1/2026, директорот на НУ Центар за култура - Битола донесе:

ОДЛУКА

за избор за вработување на еден извршител по јавен оглас

1. Појавниот оглас бр. 1/2026 објавен на 13.01.2026 година во дневните весници Нова Македонија, Слободен печат и Коха, за вработување на еден извршител, давател на јавни услуги во Националната установа Центар за култура - Битола се избира:
   Кандидатот Николче Зацески, за работното место КУЛ 03 04 Г02 001 Стручен соработник за музичко сценска дејност, Даватели на јавни услуги.
2. Именуваниот ќе биде вработен на неопределено време на работното место од став 1 на оваа Одлука, по конечноста на Одлуката.
3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Образложение

На ден 13.01.2026 година во дневните весници Нова Македонија, Слободен печат и Коха, на интернет страната на Центарот за вработување - Битола, како и на интернет страницата на Центарот за култура - Битола објавен е оглас бр.1/2026 за вработување на еден извршител – даватели на јавни услуги, на работното место КУЛ 03 04 Г02 001 Стручен соработник за музичко сценска дејност во Националната установа Центар за култура - Битола. Со Решение бр. 40-1044/1 од 30.01.2026 година од страна на Министерството за култура и туризам, формирана е Комисија за постапка за вработување. Комисијата спроведе административна селекција за проверка на веродостојност на доставените податоци и докази и со пријавените кандидати кои ги исполнуваа општите и посебните услови по јавниот оглас спроведе интервју. Комисијата состави Записник од административната селекција за проверка на веродостојност на доставените податоци и докази бр.03-

67/2 од 05.02.2026 и бр.03-67/3 од 17.02.2026 година како и Записник од интервјуто бр.03-219/1 од 19.03.2026 година.
По спроведената проверка на веродостојноста на доказите и интервјуто и извршеното бодирање, Комисијата изготви Конечна ранг листа на кандидати од двете фази и Предлог кандидат за вработување со бр. 04-220/1 од 19.03.2026 година по Јавен оглас бр. 1/2026. Врз основа на Предлогот за вработување на кандидат, директорот на Националната установа Центар за култура - Битола, донесе одлука како во диспозитивот.

Правна поука: Против оваа Одлука незадоволниот кандидат може да поднесе жалба до Управниот одбор на НУ Центар за култура - Битола во рок од 8 (осум) дена од денот на нејзиното објавување на веб страницата и огласната табла на НУ Центар за култура - Битола.

Доставено до:
Пријавените кандидати и избраниот (3)
Архива на Центарот (I)
Огласна табла (1)

Национална установа Центар за култура – Битола

Директор,

Сашо Илковски